Врз основа на член 14 став 1 алинија 16 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.136/07, бр.130/08, 97/10, 53/11 185/11, 15/13, 148/13, 28/14 и 43/14), член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Бирото за јавни набавки при Министерството за финансии донесе

**Измена на Интерното упатство**
**за начинот на организирање и спроведување на испитот за учесниците на едукацијата за јавните набавки бр.10-240/1 од 04.02.2014 година**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
Бр. 10-240/2
21.02. 2014 год.
СКОПЈЕ

Член 1

Членот 7 се менува и гласи:

„Стручните и административните работи за писмениот испит ги врши одделението за обуки, а испитот го спроведува комисијата за спроведување на испитот определена со решение."

**Член 2**

Членот 8 се менува и гласи:

„Испитот се полага во терминот определен во Годишниот план за едукација, а по исклучок, на барање на учесниците или поради празник, истиот може да се презакаже, но подоцна или порано од една недела од терминот определен со Годишниот план."

**Член 3**

Членот 9 се менува и гласи:

„Комисијата за спроведување на писмениот испит во согласност со Извештајот од спроведената обука во кој се наведени присуствата на обуката на учесниците, утврдува дали секој учесник поединечно ги исполнува условите за да го полага испитот. "

**Член 4**

Ова упатство влегува во сила со денот на неговото донесување и објавување на веб страната на Бирото.

Број ______________________________

Скопје, _____._____._______ година

**ДИРЕКТОР**

**д-р Маре Богева Мицовска**

Изработил: м-р Катерина Ѓорѓиева
Одобрил : м-р Александар Аргировски
Согласни: м-р Рита Глигоријевска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ * СКОПЈЕ *